ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 27.05.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА КАДАВЕРИЧНА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА

Во рамки на дводневната иницијатива во х.„Александар Палас“ на тема „Подобрување на кадаверична трансплантација и донирање на органи во Југоисточна Европа“ организиран од TTS(The Transplant Society), ESOT(European Society for Organ Transplantation), SEEHN(South Eastern Health Network), ISODP(International Society for Organ Donation and Procurement) и ETCO(European Transplant Coordinators Organization) во соработка со Здружение за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи-МЗНДТВО на кој присуствуваат и имаат предавања врвни и еминентни стручни лица од ЕУ, честа за отварањето и воведниот говор и припадна  и на М-р Маја Парнарџиева-Змејкова, директор на ФЗОМ. Таа во својот говор го истакна напредокот кој Р.Македонија го има напревено на ова поле со посебен осврт на активностите кои ги превема ФЗОМ.

Како превземени чекори во изминатиов период директорката на ФЗОМ ги истакна следниве: Зголемување на цена на ДСГ групи за трансплантација на бубрези и црн дроб, Воведување на конкуренција на лековите за лица со трансплантирани органи и воедно намалување на цената на истите.

Со посебен акцент беше презентиран моделот на условен буџет за определени клиники кои мораат да извршат трансплантации со цел да го добијат зголемениот буџет за 2011 година.

Овие мали, но сепак чекори, претставуваат голем напредок на полето на трансплантацијата во Р.Македонија и благодарение на стручните и ентузијастични доктори и медицински тимови и ФЗОМ, Р.Македонија полека но сигурно се приклучува кон светските медицински пракси и трендови.

Оваа иницијатива е од големо значење за Р.Македонија бидејќи директно докторите кои се бават со оваа проблематика ќе можат да разменат искуства со странските експерти и да направат споредба за активностите кои ги превзема Р.Македонија на ова поле. Како друга придобивка е добивање на мислења за зацртување на понатамошни чекори кои треба да ги превземе Р.Македонија со цел развивањето на трансплантацијата и зголемување на бројот на случаи.

Бранко Аџигогов
Портпарол